**Претходно соопштение**
**UDC 37.014.522(497.7)”18”**

# ПОЧЕТОЦИТЕ НА ЖЕНСКОТО СВЕТОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

**Силвана Сидоровска-Чуповска**
*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

**Key words**: Macedonia, church school education, female secular schools, church-school municipalities, female teachers, female students, teaching staff, reading rooms, female education

**Summary:** This paper deals with a very important period in the history of Macedonian schools in 19$^{th}$ century. Education of women in 19$^{th}$ century is to a degree lower than that of men. This was so because there were not enough teachers that could lead to education. By the mid-19th century, there was not a greater interest in the education of female children in Macedonia. This situation was characteristic for the entire Macedonia.

In mid-19$^{th}$ century, there were female secular schools in cities economically rich as were: Veles, Bitola, Salonica, Prilep, Stip and others. Female education began to make progress. Many have understood that the educated women are more useful in raising future generations.

Промените во општествено-политичкиот и социјалниот живот кои се случиле во Македонија кон средината на 19 век, имале позитивен одраз и на просветен план. Освен подобрувањето во тогашниот начин на школување односно, напуштање на старото ќелијно образование, за првпат се појавил интерес за школување и на женските деца. Дотогаш, во Македонија не постоеле училишта наменети за нивното образование. Ова, всушност, и не противречело на патријахалните ставови на тогашното општество, во кое на подредената положба на жената се гледало како на нешто сосема нормално.

Меѓутоа, до средината на 19 век кога станува збор за школување на женските деца, за разлика од другите градови во Македонија, во Велес е забележан интерес за школување и на оваа популација. Како што е забележано во изворите, тоа било во чекор со создавањето и развојот на машкото ќелијно образование. Имено, уште од 1750 година, со доаѓањето на две калуѓерки во метохот „Св.Ѓорѓија”, биле

собрани девојчињата „за да ги учат на буквици и черковно пеење”. Во исто време, кога еден од калуѓерите се преместил во вакафската зграда на Западната општина[1], месната калуѓерка Марија Самуркашева ги собрала женските деца „да ги учи книги” (Трајановски, 1980: 14).

Оваа тендеција во градот Велес била карактеристична сè до средината на 19 век, кога значителен дел од женските деца во градот се школувале заедно со машките ученици, и тоа како во новоотворените општински, така и во приватното училиште на учителот Митре[2].

Посебни женски световни училишта во Македонија се појавуваат од средината на 19 век и тоа во градовите, чии црковно-училишни општини биле во состојба да одделуваат средства за нивно издржување. Некои од нив, како Велешката, Прилепската, Штипската и други општини, кај кои постоел интерес за унапредување на учебното дело повикувале учителки од соседните словенски земји.

Едно од првите женски световни училишта, за кое се знае, било отворено во Велес во 1850 година. Од страна на Л. Ив. Доросиев, се споменува дека во овој град, истата година имало уште едно женско училиште водено од учителката Ивана Хаџи Герова (Доросоев, 1929: 58). Некои податоци укажуваат дека женско училиште постоело во Велес и во 1851 година (Ванков, Ловеч 1903: 79), а исто така и во 1853 и 1854 година. Васил К'нчов кој имал можност да ги прегледа тефтерите на Прцоречкото училиште, известува дека и во 1853 и во 1854 година, во училиштето работеле две учителки (Каранфилович, 1890: 568-603; Трајановски, 1980: 14).

Во 1860 или 1861 година женско училиште се отворило и во Кукуш, кое не било од постојан карактер. Во една дописка од Кукуш, од 3 јануари 1871 година („Читалище“, 1871: 475), кога учител бил Кузман Шапкарев, меѓу другото се вели: „дека во женското основно училиште две години 1869 и 1870 година, учителка била и неговата сопруга Елисавета Д. Миладинова”, која поради болест го напуштила училиштето. Потоа за учител бил погоден друг, но и тој учителствувал

---

[1] Градот Велес до 1870 година бил поделен на две општини. На левата страна од реката Вардар била Прцоречката општина. На десната страна се наоѓала Западната општина која во историската литература уште може да се најде и со имињата Спротивна или Спротивска.

[2] Учителот Митре бил родум од селото Нагоричани, Кумановско. Во 1810 година се доселил во Велес, поточно во Прцоречката општина. Тој останал 45 години во Велес, каде за сето време работел како општински учител. Од нив 22 ги поминал како приватен учител.

повремено, бидејќи општината немала доволно средства за издржување на училиштето.

Во 1861-1862 година започнало да работи и првото женско световно училиште во Штип.

Отворањето на неколку женски световни училишта во Македонија е врзано со името на бугарската учителка Недела Петкова[3] и нејзината ќерка Станислава Караиванова. На 1 јули 1865 година Н. Петкова била одредена за учителка во Прилеп, каде го отворила првото женско световно училиште (Трајановски, 1978: 113; Кантарџиев, 1971: 136-138). Во првата учебна година во училиштето учеле 180, а во втората околу 80 ученички (Шапкарев, 1896: 136). Недела Петкова во прилепското женско световно училиште наставата ја водела две години. Во почетокот на учебната 1867-1868 година, заминала за учителка во Охрид. Предметите што се предавале во училиштето не се познати. Единствено како извор можат да користат податоците изнесени од Никола Г. Еничерев, кога во Прилеп бил учител истовремено со учителката Недела Петкова. Н. Еничерев во своите Спомени вели: „веднаш по годишниот испит во главното училиште, ученичките беа испрашани од предметите: Св. историја, први знаења, сметање, краснопис, шиење и пеење“ (Еничѳрѳвъ, 1943: 91). По заминувањето на учителката Н. Петкова училиштето престанало да работи. Повторно започнало да работи во 1870 година и тоа со две учителки: Сава Палашева од Велес како „прва” учителка и Захарија Манасиева како нејзина помошничка. Оттогаш женското училиште во Прилеп работело непрекинато (Шалдевъ, 1924: 52).

Во 1866 година во Солун се отворило првото македонско женско училиште. Училиштето било приватно и материјално издржувано од познатото родољубиво семејство на Костадин Држилович. Неговиот син Ѓорѓи Динков-Динката две години се школувал во Русија (1858-1860), каде национално се осознал и се задоил со просветителски идеи. По враќањето во Солун, во 1866 година, неговата идеја за отворање на едно словенско училиште се остварило и тоа благодарение на неговата сестра Славка, која и го отворила толку посакуваното училиштето, каде работела бесплатно (Снѳгаровъ, 1937: 46).

---

[3] Недела Петкова е родена во градот Сопот (Бугарија) на 13 август 1826 година. Световно образование изучила во тамошниот манастир. Бидејќи рано останала вдовица и немала од што да живее, Најден Геров ја препорачал за учителка во Софија, каде отворила женско училиште (1858). Во Македонија најпрвин била учителка во Прилеп, во 1865 година.

Во првите две години во училиштето учеле само девојчиња и затоа нејзиното училиште се нарекувало женско. Подоцна, во училиштето Славка Динкова почнала да учи и момчиња. Таа вложувала големи усилби за напредокот на училиштето. Училиштето материјално било помагано од шивачкиот еснаф, како и од Македонците во Солун, меѓу кои имало и велешани, прилепчани и битолчани („Македонія”, 1868: л. 2), и од учениците („Македонія”, 1868: л. 3). Учителката С. Динкова на децата им предавала на мајчиниот јазик (солунско наречје), грчки јазик и рачна работа. Покрај грчкиот, Славка Динкова имала солидно познавање и од францускиот јазик („Македонія”, 1868: л. 2). Нејзината прерана смрт за извесен период ја прекинала активната работа на училиштето.

Женското училиште во Солун повторно било отворено на 12 мај 1871 година (Думев, 1924: 130), во квартот Вардар, од учителката Недела Петкова. За потребите на училиштето таа успеала да издејствува од Зографскиот манастир 20 турски лири годишна помош (Снѳгаровъ, 1937: 78). Со неколку кратки прекини кога ја заменувала нејзината ќерка Станислава, Недела Петкова работела како учителка во Солун до крајот на Руско-османлиската војна, кога засекогаш се вратила во Бугарија.

Во 1866 година женско световно училиште започнало со работа и во Дебар. Во него за прва учителка била Марија Вуиќ од Србија (Хаџи Васиљевић, 1928: 130). Следната, 1867 година, женско световно училиште било отворено и во Охрид. Училиштето го водела веќе спомената Недела Петкова, која пред тоа престојувала во Прилеп. Таа во градот останала до 1869 година и бидејќи тогашната општина немала посебно наменета зграда за женско училиште, наставата се одржувала по приватни куќи. Поради интригите од страна на гркоманите, како и нередовното исплаќање на платата, Н. Петкова го напуштила градот. По нејзиното заминување за учителка била погодена Ст. Сивкова од Стара Загора (Бугарија), која во Охрид останала во периодот 1870 -1872 година (Шапкарев, 1895: 295).

Кон крајот на 1869 година и во Битола започнало со работа женско училиште. Меѓутоа, постојат мошне спротивни мислења за тоа која учителка го водела училиштето. Додека од една страна Васил Думев и Иван Б. Шумков (Думев, 1924: 96-97; Шумков, 1907: 283) во своите статии изнесуваат дека училиштето го отворила Станислава Караиванова, ќерката на Недела Петкова, Кузман Шапкарев, смета дека женското училиште го отворила една учителка Србинка и како потврда го наведува следниов цитат од дневникот на еден бугарски учител. Во него меѓу другото стои: „битолската општина не се

грижеше да отвора само машки училишта, таа знаеше дека и женскиот пол треба да биде образован, дека образованата мајка раѓа и воспитува подобри деца од необразованата и неучената, за тоа, таа уште зимата истата 1869 година услови за учителка една жена Србинка..., која случајно беше дошла во Скопско, та отвори и женско училиште. Во тоа училиште се беа собрале до шеесет ученички, на кои им се предава основно - школски предмети и рачна работа. Испитот покажа дека во женското битолско училиште имаше успех... “ (Шапкарев, 1896: 138).

По заминувањето на учителката Србинка, за учителка во битолското женско училиште била поставена Нона Брајкова, родум од Копривиштица (Бугарија). Во Битола оваа учителка учителствувала четири години (1871-1875). Потоа, отишла за учителка во Кукуш, каде останала до учебната 1877-1878 година (Трайков, 1941). Во 1869 година, по завршувањето на долгогодишната борба против грцизмот, покрај машкото училиште во Крушево постоело и женско училиште („Македонія“, 1869: л. 2).

Со засиленото навлегување на српската просветна пропаганда во Македонија кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години на 19 век, во некои градови особено во западниот дел од Македонија, покрај машки се појавуват и женски световни училишта. Во нив, како учители најчесто работеле жените на српските учители. Во 1870 година, женско световно училиште во Кичево било отворено од учителката Милка Спасојевиќ, жена на српскиот учител Илија Спасојевиќ, кој во овој град ги положил основите на првото световно училиште (Хаџи Васиљевић, 1928: 419-420). Женско световно училиште работело и во Тетово каде учителка била Јелисавета Лазараевиќ (Хаџи Васиљевић, 1928: 424).

Од интерес е да се спомене и за дејноста на српската учителка Марија Недева од Белград. Во Македонија ја довел велешкиот трговец Михаил Кушов во 1864 година. Таа на почетокот работела како приватна учителка кај гореспоменатиот трговец со годишна плата од 180 австриски жолтици, за време од три години со платен стан и храна („Турция“, 1865). Поради тоа што оставила добри спомени за својата тригодишна учителска дејност, во 1867 година учителката Недева била ангажирана за општинска учителка. Училиштетето го посетувале ученици од двата пола и биле распределени во три класа. По нејзиното заминувањето во 1869 година, источната општина ја ангажирала учителката Зумбула Петрова од Стара Загора, Бугарија („Македонія“, 1871: л. 3).

Во текот на 1870 година, двете општини за учителки ги поставиле Недела Петкова и нејзината ќерка Станислава Караиванова

за плата од 30 000 гроша, за период од три години. Првата била општинска учителка на источната страна, односно во Прцоречкото општинско училиште, а втората на западната страна во Спротивното општинско училиште. Постои податок дека по иницијатива на Недела Петкова во Велес било основано и првото женско друштво: „...по покана од госпоѓата Н. Петкова, госпоѓите од Велес се собрале да образуваат друштво слично на оние во другите градови со цел да помагаат на сиромашните деца за да добијат образование...“ („Право“, 1869). Иако според предвидениот договор учителките требало да останат три години, Недела Петкова и нејзината ќерка учителствувале само една година.

Во периодот на обединувањето на двете општини, во градот работела и учителката Стојанка (Сава) Дудикова, која учителствувала во времето 1871-1873 или 1874 година. За педагошката дејност на оваа учителка во суперлативи се искажал и Васил К'нчов за која забележал дека: „...била многу способна девојка, која многу добро го подготвила женското училиште...“ (Кънчов, 1970: 276-277). Учителките Сава Дудикова и Зумбула Петрова биле омилени меѓу граѓаните од Велес. Долго време по нивното заминување, градот не можел да добие добри учителки за своите женски училишта.

Во 1872 година во Воден проработило првото женско световно училиште. За него не постојат доволно податоци со кои може точно да се утврдат годините на неговото егзистирање. (Думев, 1924: 130).

Во 1867 година женско световно училиште било отворено во Неврокоп (Ванковъ, 1903: 79), а меѓу 1868 и 1872 година, женски училишта започнале да егзистираат во Кочани и во Куманово (Ристић, 1901: 281–282).

Значајна улога во отворањето на женски световни училишта во одделни македонски градови одиграле и читалиштата. Тие развиле широка активност не само на популаризирање на книгата и на ширењето на писменоста на народот, туку и за духовната и културната еманципација на жената. По иницијатива на читалиштето во Крива Паланка било формирано „Друштво за женско училиште“, кое во текот на 1873 година го отворило првото женско световно училиште во овој град. Училиштето го добило името „Мајка“, и имало 50-60 ученички. (Чилингиров, 1930: 306). Активно било и читалиштето во Скопје, кое било основано на 1 септември 1874 година и на кое му се припишува заначајната улога во напорите да се отвори женско световно училиште.

Во 60-тите и во 70-тите години од 19 век, женски световни училишта постоеле и во другите градови, но за нив не располагаме со веродостојни податоци за годините кога биле отворени. Кога станува

збор за учителскиот кадар, се забележува дека покрај учителки од Србија и од Бугарија, е и сè поголема присутност на домашни учителки. Во училиштата во употреба бил народниот македонски јазик. Ваквата појава била присутна само во училиштата отворани од црковно-училишни општини, кои всушност и го финансирале учителскиот кадар. За овие женските световни училишта, кои работеле до крајот на седумдесетите години од 19 век, постојат мошне сиромошни и често противречни податоци и тоа не само за годините кога биле отворени и кога престанале да работат, туку и за нивната организација. Освен разликата во наставните предмети кај одделни женски училишта постоела разлика во времетраењето на наставниот курс, стручната подготвеност меѓу учителките и слично.

Меѓутоа, од ова можеме да констатираме дека и ваквите обиди вродиле плод. Тие дале можности за изградување нови домашни образовни кадри во земјата и имало позитивно влијание врз развојот на образованието на жената во Македонија до 1878 година.

**Литература:**


Ванковъ. Н. Ив., 1903. *История на учебното дØло в България*. Ловеч.

Доросиев. Л. Ив. 1929. Нашето училище и народното ни възраждане, *Българска историческа библиотека*. София, год. II, т. I.

Думев. Васил. 1924. Из спомените на двØ учителки въ Македония: *Македонски прØгледъ*. София. год. II, кн. 5 и 6.

ЕничØрØв. Г. Никола. 1943. *Прилепското училище 1866-1878. Сто години ново българско училище в градъ ПрилØп*. Скопие.

Кантарџиев. Ристо. 1917. Женските училишта во Македонија. *Просветно дело*. Скопје. XXVII/3-4.

К. (Каранфилович). 1890. *Сегашно и недавно минало на градъ Велесъ*. София.

Кънчов. Васил. 1970. *Избрани произведения. Град Скопие.* Сегашното и недавно минало на град Велес. Македони., Етнография и статистика. София.

*Македонія*. 1868. Цариградъ. II /15, л. 2.

*Македонія*. 1868. Цариградъ. II /17, л. 3.

*Македонія*. 1868. Цариградъ. I /50, л. 2.

*Македонія*. 1869. Цариградъ. III /51, л. 2.

*Македонія*. 1871. Цариградъ. V /28, л. 3.

Ристић. Јован. 1901. *Спољашни односаји Србије новијег времена*. књига трећа, Београд.

СнØгаров. Иванъ. 1937. *Солунъ въ българската духовна култура*. Исторически очеркъ и документи. София.

Трајановски. Александар. 1978. Прилепската црковно-училишна општина-основател на првото женско училиште во Прилеп. *Историја*. XIV/1. Скопје.

Трајановски. Александар. 1980. Женските училишта во Велес од средината на XVIII до седумдесетите години на XIX век. *Просветена жена* Скопје.

Трайков. Никола. 1941. Първата българска учителка в Битола и Кукуш. *Весник на весниците*. София. бр. 133.

*Турция*. 1865. Цариградъ. бр. 47.

Хаџи Васиљевић. Јован. 1928. *Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку*. Београд.

Чилингаров. Стилиян. 1930. *Българските читалища преди освобождението*. София.

*Читалище*. 1871. Цариградъ. кн. 5, стр. 475.

Шалдевъ. Христо. 1924. Градъ Приøпъ за своите училища. *Македонски прегледъ*. София. год. I кн. 1.

Шапкарев. Кузман. 1896. Неколку критички бøлøжки върху обнародуваните до сега материяли за историята на възраждането на българщината в Македония. *Български прегледъ*. София. год. I. кн. 9-10 и год. II. кн. 8.